# ПРОГРАМИ ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ 2022-2024

Содржина:

## Contents

**Почитување на работничките права и унапредување на социјалниот дијалог на локално и национално ниво:** ........ 2
**Здравје и безбедност при работа:** ........ 3
**Унапредување на родовата еднаквост и елиминација на родово-базираните дискриминација:** . 4
**Млади, активизам и волонтеризам:** ........ 5
**Европски интеграции:** ........ 5
**Програма за зајакнување на институционалните капацитети на организацијата:** ........ 6
**Економско зајакнување на жени и девојки:** ........ 7

# ПРОГРАМИ ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ
# 2022-2024

**Програми на Гласен Текстилец за периодот од 2022 до 2024 година:**

## Почитување на работничките права и унапредување на социјалниот дијалог на локално и национално ниво:

Во рамките на оваа програма имплементираме активности од типот на дебати, конференции, организираме Текстилијада (оваа година по 7 пат) каде што учествуваат главните чинители и носители на закони и законски акти, како и измени. Оваа програма има национален и меѓународен карактер, во рамките на активностите за застапување учествуваат претставници од националните институции, регионалните (Западен Балкан), Меѓународни (Шведска и други држави). Програмата има за цел да го издигне социјалниот дијалог и да допридонесе кон вклучување на сите засегнати страни при носењето на закони. Исто така во рамките на оваа програма од 2017 година ни функционираат јадрата со работнички/ приправнички кои ги имаме во неколку градови од источниот регион. Преку тоа ги лоцираме директно од терен најчестите прекршувања на работничките права и едуцираме пара правно работници за изработка на правни акти, се со цел препознавање на прекршувањето на работничките права.

**Типови на активности:**

- **Годишен настан „Текстилијада“:** Организирање на „Текстилијада“ како настан кој веќе има традиција во нашиот град и пошироко, и од локален настан прерасна во интернационален. Преку овој настан збогатен со културно-уметнички активности (инсталации, мурали, изложби, стрип изложби) како и дебати, се вклучени пратеници, синдикати и претставници од различни сектори на пазарот на трудот од земјава и Европа.
- **Соработка со синдикатите:** Зајакнување на соработката и дијалогот со синдикатите и останати организации кои се залагаат за почитување на човековите права, и заедничко застапување за работнички права и да унапредување на социјалниот дијалог на национално ниво.

- **Зајакнување на пара правничките и работниците и работничките:** Зајакнување на параправничките, преку обезбедување на редовни обуки и ресурси за подобрување на нивното знаење и вештини во однос на работничките права и подготовката на правните акти.
- **Организирање на редовни работилници и обуки за работниците и работничките за да се едуцираат за нивните права, вклучително и колективно преговарање, концептот за плата за живот и безбедни работни услови.**
- **Застапување  за правата на работниците на локално и национално ниво преку активно учество во работните преговори, состаноци и дискусии за политиките.**
- **Продолжување со правната помош и поддршка преку телефонски линии до правниот тим на Гласен Текстилец каде што вработените ќе можат да пријават прекршување на работничките права или да бараат насоки, совети и правна помош.**
- **Мониторинг и застапување пред надлежни институции и судови за права од работен однос.**

## Здравје и безбедност при работа:

Креираме истржувања за професионални заболувања, споделуваме совети за заштита и здравје при работа и даваме препораки до надлежните институции во врска со здравјето и безбедноста при работа, особено при изменети климатски услови.

**Типови на активности:**

- **Работилници за безбедност:** Продолжување со спроведување на работилници за безбедност и дистрибуција на прирачници и материјали за безбедност и здравје при работа.
- **Спроведување на истражувања:** Преку соработка со здруженија и експерти за безбедност и здравје при работа, учество на дискусии, семинари, истражувања во  врска со повреди и смрт на работно место како

и за професионални болести, кои ќе бидат достапна за јавноста и властите. Подготовка на препораки во врска со безбедност и здравје при работа за работниците и работодавачите.

- **Правна помош и следење на судски и институционални постапки поврзани со безбедност и здравје при работа.**
- **Продукција на едукативни материјали согласно Законот и правилниците за безбедност и здравје на работно место.**

## Унапредување на родовата еднаквост и елиминација на родово-базираните дискриминација:

Целите на оваа програма ни се да ја унапредуваме родовата еднаквост на пазарот на трудот, бидејќи честопати сме сведоци дека таа речиси и не е застапена. Понатаму да едуцираме работнички како да ја препознаваат родово-базираната дискриминација на пазарот на трудот и соодветно да ја пријавуваат. Во рамките на оваа програма сме имале неколку успешни иницијативи за спречување на родово-базираната дискриминација на пазарот на трудот. Застапуваме национално и регионално.

**Типови на активности:**

- **Обука за родова еднаквост:** Проширување на обуки за родова еднаквост и родово-базирана дискриминација за да допреме до повеќе работнички и млади девојки во различни региони.
- **Кампањи за подигање на свеста:** Кампањи за подигање на јавната свест за да ги едуцираме работодавачите и вработените за важноста на родовата еднаквост на работното место и заштитата од родово-базираната дискриминација.
- **Партнерства со женски организации и Комисијата за заштита и спречување од дискриминација:** Соработка со женски организации, невладини организации  и КЗСД кои се фокусирани на родовата еднаквост и дискриминација за да создадеме позначајно влијание и охрабрување кај

жените работнички за пријави и барање на заштита во случај на дискриминација на работното место.

## Млади, активизам и волонтеризам:

Младите се двигателот на општеството, затоа преку нашата програма за младински активизам се стремиме кон создавање на инклузивни заедници формирани од млади, едуцираме млади за волонтеризам, родова еднаквост, транспарентност и отчетност, како и за правата пред нивниот прв работен однос каде се опфатени преку 700 средношколци, се со цел создавање на едно инклузивно и еманципирано општество, преку зајканување на младите.

**Типови на активности:**

- **Работилници за зајакнување на младите:** оддржување на работилници за средношколци за волонтеризам, родова еднаквост и човекови и работнички права. Продукција на  материјали за работилниците/програмите. Врснички едукации во Штип и источниот регион преку соработка со средните училишта.
- **Иницијативи предводени од младите/младински иницијативи:** охрабрување на младите да водат иницијативи кои се усогласени со целите на Гласен Текстилец, како што се организирање кампањи за подигање на свеста или проекти во заедницата.

## Европски интеграции:

Во рамките на програмата работиме за почитувањето на работничките права и нивно усогласување со Европските законски регулативи. Сме биле дел од неколку иницијативи за Законот за работни односи и негово усогласување со европското законодавство. Имаме имплементирано и проекти во врска со Поглавје 23: и пристапот до правда во Источниот регион.

**Типови на активности:**

- **Публикации и работилници:** Објавување на материјали кои објаснуваат како европските закони влијаат на работничките права во Македонија. Организирање на работилници и семинари на оваа тема.
- **Соработка со европски организации:** Соработка со европски организации, мрежи и институции за човекови права кои работат на темата работнички права за споделување знаења и ресурси.
- **Следење на ЕУ регулативите поврзани со трудовото право, намалување на сива економија, општествена (корпоративна) одговорност особено во синџирите на производство (German Supply Chain Due Diligence Act) .**
- **Соработка и споделување на искуства со европски организации за работнички права за споделување на најдобрите практики и стратегии за заштита на правата на работниците. Лобирање за усогласување на националните закони за работни односи со европските стандарди за да се обезбеди подобра заштита на работниците.**

## Програма за зајакнување на институционалните капацитети на организацијата:

Преку оваа програма се стремиме кон зајакнување на човечките ресурси, техничките капацитети, застапувачките капацитети и опстојувањето на организацијата во општеството, каде ќе бидеме препознаени како водечка организација за заштита на работничките права. Исто така тука е дел и под-програмата за видливост, отчетност и транспарентност на здружението каде објавуваме секакви информации поврзани со нашата работа и креираме организациски документи и политики за добро управување.

**Типови на активности:**

- **Развој на човечки ресурси:** Инвестирање во обуки и професионален развој на членовите на тимот за да ги подобриме нивните вештини во застапување, управување со програми и комуникација.

- **Видливост и транспарентност:** Да се продолжи со одржување на транспарентноста преку редовно објавување на извештаи и организациски документи. Нашата веб-страница и платформите за социјални медиуми да се ажурирани со најновите информации.
- **Одржување на транспарентноста на здружението преку објавување на организациски документи, финансиски извештаи и успешни приказни кои го истакнуваат влијанието на организацијата врз правата на работниците.**

## Економско зајакнување на жени и девојки:

- **Компаративна анализа на законите на ЕУ и Македонија за социјални претпријатија и текстилни задруги:** Спроведување на сеопфатна компаративна анализа на законските рамки што ги регулираат социјалните претпријатија и текстилните задруги и во Европската Унија и во Македонија. Оваа анализа ќе помогне да се идентификуваат областите на усогласување и дивергенција, олеснувајќи го информираното донесување одлуки и усогласеност, како и потреба од измена на законски регуливи, се со цел олеснување на формирање на ваков тип на бизнис модели.
- **Изработка на бизнис план за текстилни задруги и таргетирање на фондови**: Помош и поддршка, како и учење на жените и девојките кон запознавање на овие бизнис модели, преку формулирање на добро структурирани бизнис планови. Овие планови ќе служат како патоказ за развој на соработка, вклучувајќи финансиски проекции, маркетинг стратегии и јасна визија. Истовремено, идентификување и насочување кон потенцијалните извори на финансирање за поддршка на овие бизнис модели.
- **Иновации во текстилниот сектор: Учење од европските успешни приказни (на пр., Борос, Шведска):** Истражување  и црпење на инспирација од иновативните практики во европскиот текстилен сектор, пример за успешни случаи како што е Борос во Шведска. Со испитување на овие позитивни примери, можеме  да ги прилагодиме и имплементираме

најсовремените пристапи за подобрување на секторот воопшто, но и можности за иновативно работење на текстилните задруги, притоа следејќи ја церкуларната економија

- **Можности за искористување на текстилниот отпад и создавање работни места, Истражување на потенцијалот за искористување на текстилниот отпад за создавање нови економски можности. Ова истражување вклучува пренамена на отпадни материјали, спроведување на процеси на рециклирање и придонесување за создавање одржливи работни места во секторот.**
- **Семинари за анализа на пазарот:** Организирање на семинари посветени на развој на вештини за анализа на пазарот. Овие семинари ќе им овозможат на учесниците, особено на жените во текстил, со капацитет да ги анализираат трендовите на пазарот, да ги идентификуваат можностите и да донесуваат информирани одлуки кои го подобруваат нивниот ангажман во текстилната индустрија и нивно економско зајакнување.